РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ
Број 07-3609/1
16.11.2012 2012год
Скопје

Бр.07-3609/1

КОМИСИЈАТА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ, постапувајќи, по службена должност за лицето Никола Темелковски од Битола, согласно член 14 и 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ("Службен весник на Република Македонија" бр.86/2012), на седницата одржана на ден 16.11.2012 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

СЕ УТВРДУВА соработка со органите на државната безбедност на лицето Никола Темелковски со ЕМБГ 1111951410004, роден на 11.11.1951 година во Битола, бил вршител на јавна функција-Директор на јавно претпријатие.

***О б р а з л о ж е н и е***

Комисијата за верификација на фактите, за Никола Темелковски од Битола со ЕМБГ 1111951410004, роден на 11.11.1951 година во Битола, лице кое било носител на јавна функција-Директор на јавно претпријатие, по службена должност, поведе постапка за утврдување соработка со органите на државната безбедност во периодот определен во Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност.

Во постапката за утврдување на соработка со органите на државната безбедност Комисијата утврди дека за лицето Никола Темелковски, во Државниот архив на Република Македонија постои досие формирано од поранешната Управа на службата за државна безбедност при Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, во кое постојат документи за соработка со органите на државната безбедност.

Во Државниот архив на Република Македонија, во личното досие бр.25887 постојат следните документи од кои се утврди соработката со органите на државната безбедност на лицето Никола Темелковски: Службена белешка од 26.03.1983 година на РСВР на СРМ, СДБ, Испостава Битола; Службена белешка од 20.07.1990 година; Некои согледувања во обработката на ПОО... од 15.11.1988 година; Извештај од 03.12.1984 година; Извештај од 07.03.1983 година; и Службена белешка од 25.03.1983 година.

Од увидот во документите, се утврди дека тие укажуваат на соработка на лицето Никола Темелковски со органите на државната безбедност при оперативно прибирање на информации што биле предмет на обработка. Истиот на службата им давал информации и одредени сознанија за одредено лице кои било интересно за Службата за државна безбедност, а кое заедно со други лица биле земени во претходна оперативна обработка и интерес за Службата.

Сите овие документи за Комисијата за верификација на фактите се релевантни и од нив неспорно се утврди дека за лицето Никола Темелковски постојат документи во досиејата на органите на државната безбедност, дека тој, како таен соработник информатор при оперативно прибирање известувања и податоци што биле предмет на обработка, чување и користење од органите на државната безбедност во облик на автоматизирани или рачни збирки на податоци и досиеја, оформени и водени за одредени лица со кои се кршени или ограничувани основните права и слободи на граѓаните од политички или идеолошки причини, истиот, свесно, тајно, организирано и континуирано преземал активности и соработувал со органите на државната безбедност, притоа остварувајќи и погодности за себе при напредување во службата, со што сеисполнува условот од член 4 и 18 од Законот.

Од сето погоре изнесено, согласно член 29 и 31 од Законот за определување услов за ограничување за вршење јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност, Комисијата за верификација на фактите одлучи, дека лицето Никола Темелковски бил соработник со органите на државната безбедност, па согласно тоа го исполнува условот со кој се ограничува кандидирањето или вршење јавна функција.

Комисија за верификација на фактите,
Претседател,
Томе Аџиев

ПОУКА: Лицето може во рок од 8 дена од денот на доставувањето на решението, пред надлежен суд да покрене постапка, заснована на начелата на приоритет и итност.

За покренување постапка пред надлежен суд подносителот да ја извести Комисијата.

ДНА: Да се достави до Никола Темелковски, Собрание на Република Македонија, Влада на Република Македонија и Државна изборна Комисија.